РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-661/2
18-05-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-мата седница одржана на 13.05.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-661/1 од 11.02.2021 година, со наводи за криење на предмети во постапки пред правосудни органи, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-661/1 од 11.02.2021 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 11.02.2021 година поднесена е пријава со содржани наводи за криење на предмети во постапки пред правосудни органи и оформен е предмет со број 12-661/1 од 11.02.2021 година.

Во пријавата подносителот, без да посочи правосудни органи или конкретни предмети и без да укаже на конкретни незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, укажува на криење на предмети и на кривични пријави, меѓу кои и предмети во кои се опфатени службените лица ///, поранешен градоначалник на Општина ///, и ///, поранешен секретар на Општина ///.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата се содржани општи наводи при што нема доволно податоци со кои истите би се конкретизирале по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик-претседател**
**Нури Бајрами**